**20160631817**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО И АДМИНИСТРАЦИЈА

Врз основа на член 5 став (3) од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14 и 199/14) министерот за информатичко општество и администрација во согласност со Заменикот на Претседателот на Владата на Република Македонија задолжен за спроведување на Рамковниот договор, донесе

# МЕТОДОЛОГИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ВРАБОТУВАЊАТА ВО ЈАВНИОТ СЕКТОР СОГЛАСНО СО НАЧЕЛОТО ЗА СООДВЕТНА И ПРАВИЧНА ЗАСТАПЕНОСТ, КАКО И ФОРМАТА, СОДРЖИНАТА И ОБРАЗЕЦОТ НА ГОДИШНИОТ ПЛАН ЗА ВРАБОТУВАЊЕ И ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ГОДИШНИОТ ПЛАН ЗА ВРАБОТУВАЊЕ

Член 1

(1) Со оваа методологија се пропишува планирањето на вработувањата во јавниот сектор, како и формата, содржината и образецот на образецот на годишниот план за вработување и извештајот за реализација на годишниот план за вработување.

Член 2

(1) Годишниот план за вработување (во натамошниот текст: годишниот план) содржи насловна страна и три дела, и тоа:

- Дел 1. Податоци за состојбата на пополнетост на работните места во институцијата во тековната година,
- Дел 2. Податоци за планирани пензионирања и други планирани движења на вработените во наредната година,
- Дел 3. План за распределба на бројот на нови вработувања во наредната година по припадност на заедница.

(2) Годишниот план се изготвува на образец во А4 формат, кој е даден во Прилог бр. 1 и е составен дел на оваа методологија.

Член 3

Насловната страна на годишниот план содржи: број на годишниот план на институцијата и датум на донесување, назив на институцијата, година на која се однесува, Единствениот матичен број на субјектот (ЕМБС), Единствениот даночен број (ЕДБ), датум на подготовка, имиња и презимиња на вработените кои го подготвиле планот и на раководното лице на институцијата како и нивни потписи.

Член 4

(1) Делот 1. Податоци за состојбата на пополнетост на работните места во институцијата во тековната година, се прикажуваат во Табела 1, и тоа:

- во редот 1, податоци за бројот на моментално вработени во институцијата на датумот на пополнување на годишниот план, вкупно и по припадност на заедница;
- во редот 2, податоци за планираните пензионирања и најавени заминувања заклучно со 31 декември тековната година, доколку се планирани, вкупно и по припадност на заедница;
- во редот 3, податоците за планираните нови вработувања заклучно со 31 декември тековната година, доколку се планирани во годишниот план донесен во претходната за тековната година, вкупно и по припадност на заедница; и

- во редот 4, податоците за планираната бројна состојба на пополнети работни места до крајот на тековната година, заклучно со 31 декември тековната година, кои се добиваат кога од податоците од редот 1, се одземаат податоците од редот 2, и се додаваат податоците од редот 3.

Член 5

(1) Делот 2. Податоци за планирани пензионирања и други планирани движења на вработените во наредната година, заклучно со 31 декември наредната година, се прикажуваат во следните табели, и тоа во:

- Табелата 2. - Планирано пополнување на работни места преку унапредување и/или распоредување на вработените во институцијата во наредната година;

- Табелата 3. - Планирано испразнување на работни места преку објавување на трансфер листа во наредната година;

- Табелата 4. - Планирано испразнување на работни места преку пензионирања и најавени заминувања во наредната година; и

- Табелата 5. - Планирани пензионирања и најавени заминувања по припадност на заедница.

(2) Табелата 2 ги содржи следните податоци: податок (ДА /НЕ) за потребата од пополнување на работни места преку унапредување и/или распоредување на вработените во рамките на самата институција, податок за вкупниот број на работни места кои се планира да се пополнат преку унапредување и/или распоредување, како и податоци за конкретните работни места доколку се планира истите да се пополнат преку унапредување или распоредување и тоа:

- шифрата и називот на работно место кое се планира да се пополни преку унапредување и/или распоредување,

- називот на најмалата организациона единици во која е распоредено работното место од алинеја 1 на овој став,

- називот на организациона единица во која се наоѓа организационата единица од алинеја 2 на овој став (доколку ја има),

- називот на организационата единица во која се наоѓаат организационите единици од алинеите 2 и 3 на овој став (доколку ја има), и

- кратко образложение за причините за пополнување на работното место преку интерен оглас и/или решение за распоредување на вработен од институцијата.

(3) Табелата 3 ги содржи следните податоци: податок (ДА /НЕ) за потребата за испразнување на работни места преку објавување на податоци за вработените на тие работни места на трансфер-листата што ја води Министерството за информатичко општество и администрација, податок за вкупниот број на вработени кои се планира да се стават на трансфер-листата, како и податоци за конкретните работни од кои се планира вработените да се стават на трансфер-листата и тоа:

- шифрата и називот на работно место од кое се планира вработениот да биде ставен на трансфер листата,

- називот на најмалата организациона единици во која е распоредено работното место од алинеја 1 на овој став,

- називот на организационата единица во која се наоѓа организационата единица од алинеја 2 на овој став (доколку ја има),

- називот на организационата единица во која се наоѓаат организационите единици од алинеите 2 и 3 на овој став (доколку ја има), и

- причина поради која вработениот се става на трансфер листата преку пополнување со ДА на некоја од понудените причини.

(4) Табелата 4 ги содржи следните податоци: податок (ДА /НЕ) за можноста за испразнување на работни места преку пензионирања и/или најавени заминувања по друг основ, податок за вкупниот број на вработени кои најавиле пензионирања и/или заминувања по друг основ, како и податоци за конкретните работни места од кои вработените ќе се пензионираат или ќе си заминат по друг основ и тоа:

- шифрата и називот на работно место од кое вработениот ќе се пензионира и/или ќе си замине,
- називот на најмалата организациона единици во која е распоредено работното место од алинеја 1 на овој став,
- називот на организационата единица во која се наоѓа организационата единица од алинеја 2 на овој став (доколку ја има),
- називот на организационата единица во која се наоѓаат организационите единици од алинеите 2 и 3 на овој став (доколку ја има), и
- причина поради која ќе се испразни работното место преку пополнување со ДА на некоја од понудените причини и наведување на датумот кога причината ќе настане.

(5) Табелата 5 содржи податоци за бројот на вработени во институцијата кои ќе се пензионираат во наредната година, вкупно и по припадност на заедница.

Член 6

(1) Делот 3. Планот за распределба на бројот на нови вработувања во наредната година по припадност на заедница заклучно со 31 декември наредната година ги содржи следните табели:

- Табелата 6. - Работни места кои ќе се пополнат преку нови вработувања во наредната година;
- Табелата 7. - Број на работни места кои се планираат да се пополнат преку нови вработувања во наредната година; и
- Табелата 8. - Податоци кои се внесуваат во онлајн калкулаторот "Балансер" (во натамошниот текст: калкулаторот), поставен на веб локацијата http://balancer.mioa.gov.mk, како и резултати од калкулаторот.

(2) Табелата 6 ги содржи следните податоци: податок (ДА /НЕ) за потребата од пополнување на работни места преку нови вработувања, податок за вкупниот број на работни места кои се планира да се пополнат преку нови вработувања, како и податоци за конкретните работни места кои се планира да се пополнат преку нови вработувања и тоа:

- шифрата и називот на работно место кое се планира да се пополни со ново вработување,
- називот на најмалата организациона единица во која е распоредено работното место од алинеја 1 на овој став,
- називот на организационата единица во која се наоѓа организационата единица од алинеја 2 на овој став (доколку ја има),
- називот на организационата единица во која се наоѓаат организационите единици од алинеите 2 и 3 на овој став (доколку ја има),
- причина поради која е потребно ново вработување преку пополнување со ДА на некоја од понудените причини,
- вкупниот број на месеци во наредната година во кои се планира да му се исплаќа плата на новиот вработен, и
- буџетот кој ќе биде потребен за плата на новиот вработен во наредната година.

(3) Табелата 7 содржи податок за вкупниот број на работни места кои се планира да се пополнат преку нови вработувања во наредната година.

(4) Табелата 8 ги содржи следните податоци:

- податоци за планираната бројна состојба на 31 декември тековната година, вкупно и по припадност на заедница, кои податоци се преземаат од Табелата 1, редот г;

- податоци за планираните пензионирања заклучно со 31 декември наредната година, вкупно и по припадност на заедница, кои податоци се преземаат од Табелата 5; и

- податок за планираните нови вработувања заклучно со 31 декември наредната година, кој податок се презема од Табелата 7.

Член 7

(1) По пополнување на податоците во сите табели од годишниот план, се пристапува на веб локацијата http://balancER.mioa.gov.mk, на која се наоѓа онлајн калкулатор во кој се внесуваат следните влезни податоци кои се однесуваат на институцијата и тоа по следниот редослед:

- Чекор 1: Во полето "Матичен број/назив на институција" се внесува единствениот матичен број на субјектот (ЕБМС) или називот на институцијата, по што калкулаторот прикажува нов екран, во кој:

- Чекор 2: Во редот "Број на вработени" се внесуваат податоците од Табелата 8, редот а (по припадност на заедница).

- Чекор 3: Во редот "Планирани пензионирања" се внесуваат податоците од Табела 8, редот б (по припадност на заедница).

- Чекор 4: Во полето "Број на нови вработувања" се внесува податокот од Табела 8, редот в, по што се притиска копчето "Ентер".

(2) Откако калкулаторот ќе ја направи пресметката и ќе ја прикаже распределбата по припадност на заедница,се одбира копчето "Печати" и испечатениот документ се приложува во годишниот план на институцијата за следната година.

(3) Реализацијата на годишниот план на институцијата во текот на годината за која се однесува се врши врз основа на документот од став (2) на овој член.

(4) Во првиот јавен оглас во годината на која се однесува планот, распределбата на бројот на нови вработувања по припадност на заедница се исчитува од документот од став (2) на овој член, и тоа од редот за кој во колоната "вкупно" е наведен конкретниот број на нови вработени за кој се објавува огласот.

(5) За секој следен јавен оглас во текот на годината на која се однесува планот, распределбата на бројот на нови вработувања по припадност на заедница се пресметува кога од редот за кој во колоната "вкупно" се одбере бројот што е збир на бројот на претходно вработените во годината и бројот на вработени за кој се објавува конкретниот оглас, се одземат вработените од соодветните заедници кои во текот на годината биле вработени на претходно објавените јавни огласи.

Член 8

(1) Распределбата на новите вработувања во годината на која се однесува планот треба да ги одрази сите можни комбинации на распределби од едно ново вработување па се до планираниот број на нови вработувања, кој се утврдува како максимален, при внесувањето на податоците во онлајн калкулаторот.

(2) При распределбата од ставот (1) на овој член се земаат во предвид следните параметри:

- процентуалната застапеност на вработените во институцијата по припадност на заедници на почетокот на годината на која се однесува планот, а кои се пресметуваат врз основа на влезните податоци утврдени во член 7 став (1) алинеи 1 и 2 од оваа методологија;

- процентуалната застапеност на вработените кои ќе се пензионираат во текот на годината на која се однесува планот, по припадност на заедници, а кои се пресметуваат врз основа на влезните податоци утврдени во член 7 став (1) алинеја 3 од оваа методологија;

- процентуалната застапеност на припадниците на заедниците на централно, односно локално ниво при последно спроведениот попис на населението на Република Македонија, согласно член 20-а ставови (4) и (5) од Законот за вработените во јавниот сектор;

- бројот на планирани нови вработувања во институцијата во годината на која се однесува планот, согласно влезниот податок утврден во член 7 став (1) алинеја 4 од оваа методологија;

- факторот на замена кој има за цел во определен чекор да допушти автоматска распределба на дел од новите вработувања кај истата заедница за лицата кои во годината за која се однесува планот ќе се пензионираат и кој изнесува 0,1;

- факторот на забрзување кој има за цел во определен чекор да ја забрза распределбата на подзастапените заедници во институцијата и кој изнесува 1,2;

- факторот на блокирање кој има за цел во определен чекор од пресметката да ја блокира распределбата на надзастапените заедници во институцијата и кој изнесува 0,2;

(3) Врз основа на податоците од став (2) на овој член, се пресметуваат разликите помеѓу податоците од став (2) алинеја 1 на овој член и податоците од став (2) алинеја 2 и став (2) алинеја 3 на овој член (во натамошниот текст: Гап-овите), а се зема предвид и факторот на замена од став (2) алинеја 5 на овој член.

(4) Процентуална распределба на нови вработувања по припадност на заедници се пресметува како разлики од податоците од став (2) алинеја 3 од овој член и Гап-овите од став (3) од овој член помножени со факторот на забрзување од став (2) алинеја 6 од овој член, по што доколку таквите разлики помножени со факторот на блокирање од став (2) алинеја 7 од овој член се помали од соодветните Гап-ови, се земаат како основ за распределба, во спротивно се анулираат и се врши нормализација на останатите процентуални распределби во 100%.

(5) Конечната распределба на нови вработувања се пресметува како производ од податокот од став (2) алинеја 4 од овој член и податоците за процентуална распределба од ставот (4) на овој член, по што се прави заокружување на децималните броеви. Постапката се повторува за секое поединечно ново вработување.

(6) Пресметките од ставовите (4) и (5) на овој член најпрво се прават за три групи, односно за припадниците на македонската, албанската и другите заедници (Турци, Роми, Срби, Власи, Бошњаци и останати), а потоа пресметките се повторуваат за припадниците на другите заедници.

Член 9

(1) Извештајот за реализација на годишниот план за вработување (во натамошниот текст: извештајот) содржи насловна страна и три дела, и тоа:

- Дел 1. Реализирани движења на вработените во рамките на институцијата во полугодието,

- Дел 2. Реализирани намалувања на бројот на вработени во рамките на институцијата во полугодието, и

- Дел 3. Реализирани зголемувања на бројот на вработени во рамките на институцијата во полугодието.

(2) Извештајот се изготвува на образец во А4 формат, кој е даден во Прилог бр. 2 и е составен дел на оваа методологија.

Член 10

Насловната страна на извештајот содржи: број и датум на извештајот, број на годишниот план на институцијата за кој се однесува извештајот, назив на институцијата, година на која се однесува, Единствениот матичен број на субјектот (ЕМБС), единствен даночен број (ЕДБ), датум на подготовка, како и имиња и презимиња на вработените кои го подготвиле планот и на раководното лице на институцијата како и нивни потписи.

Член 11

(1) Делот 1. Реализирани движења на вработените во рамките на институцијата во полугодието, заклучно со 30 јуни, односно 31 декември во тековната година ги содржи следните табели:

- Табела 1. - Реализирани распоредувања и/или унапредувања на вработени во полугодието, и
- Табела 2. - Реализирани распоредувања и/или унапредувања на вработени по припадност на заедница.

(2) Табелата 1 содржи податоци за конкретните работни места од кои и на кои се реализирани распоредувања и/или унапредувања и тоа:

- шифрата и називот на работното место од кое се извршило распоредувањето, односно унапредувањето,
- називот на најмалата организациона единица во која е распоредено работното место од алинеја 1 на овој став,
- називот на организационата единица во која се наоѓа организационата единица од алинеја 2 на овој став (доколку ја има),
- називот на организационата единица во која се наоѓаат организационите единици од алинеите 2 и 3 на овој став (доколку ја има),
- шифрата и називот на работно место на кое се извршило распоредувањето, односно унапредувањето,
- називот на најмалата организациона единици во која е распоредено работното место од алинеја 1 на овој став,
- називот на организационата единица во која се наоѓа организационата единица од алинеја 2 на овој став (доколку ја има),
- називот на организационата единица во која се наоѓаат организационите единици од алинеите 2 и 3 на овој став (доколку ја има), и
- датум и број на решение на распоредувањето, односно унапредувањето.

(3) Табелата 2 содржи податоци за бројот на реализираните распоредувања и/или унапредувања на вработени во полугодието, вкупно и по припадност на заедница.

Член 12

(1) Делот 2. Реализирани намалувања на бројот на вработени во рамките на институцијата заклучно со 30 јуни, односно 31 декември во тековната година ги содржи следните табели:

- Табела 3. - Престанок на работен однос во полугодието по работни места и причини, и
- Табела 4. - Престанок на работен однос по припадност на заедница.

(2) Табелата 3 содржи податоци за конкретните работни места кои се испразниле поради престанок на работен однос и тоа:

- шифрата и називот на работно место кое се испразнило,
- називот на најмалата организациона единица во која е распоредено работното место од алинеја 1 на овој став,
- називот на организационата единица во која се наоѓа организационата единица од алинеја 2 на овој став (доколку ја има),

- називот на организационата единица во која се наоѓаат организационите единици од алинеите 2 и 3 на овој став (доколку ја има), и

- причина поради која работното место се испразнило преку пополнување со ДА на некоја од понудените причини, и наведување на конкретната причина (основот доколку е по сила на закон и датум, односно бројот на согласноста за преземање во друга институција и датум).

(3) Табелата 4 содржи податоци за бројот на вработени на кои им престанал работниот однос во институцијата во полугодието, вкупно и по припадност на заедница.

Член 13

(1) Делот 3. Реализирани зголемувања на бројот на вработени во рамките на институцијата, заклучно со 30 јуни, односно 31 декември во тековната година ги содржи следните табели:

- Табела 5. - Реализирани нови вработувања во институцијата во полугодието по работно место,

- Табела 6. - Реализирани нови вработувања во полугодието по припадност на заедница,

- Табела 7. - Реализирани преземања од други институции во полугодието по работни места, и

- Табела 8. - Реализирани преземања во полугодието по припадност на заедница.

(2) Табелата 5 содржи податоци за конкретните работни места кои се пополниле во полугодието со нови вработувања и тоа:

- шифрата и називот на работно место кое се пополнило,

- називот на најмалата организациона единица во која е распоредено работното место од алинеја 1 на овој став,

- називот на организационата единица во која се наоѓа организационата единица од алинеја 2 на овој став (доколку ја има),

- називот на организационата единица во која се наоѓаат организационите единици од алинеите 2 и 3 на овој став (доколку ја има), и

- број на јавен оглас/и и датум/и и број на решение/договор за вработување и датум.

(3) Табелата 6 содржи податоци за бројот на нови вработени во институцијата во полугодието, вкупно и по припадност на заедница.

(4) Табелата 7 содржи податоци за конкретните работни места кои се пополниле во полугодието со преземања од други институции и тоа:

- шифрата и називот на работно место кое се пополнило,

- називот на најмалата организациона единица во која е распоредено работното место од алинеја 1 на овој став,

- називот на организационата единица во која се наоѓа организационата единица од алинеја 2 на овој став (доколку ја има),

- називот на организационата единица во која се наоѓаат организационите единици од алинеите 2 и 3 на овој став (доколку ја има), и

- број на согласност за преземање и датум.

(5) Табелата 8 содржи податоци за бројот на преземени вработени во институцијата во полугодието, вкупно и по припадност на заедница.

Член 14

(1) Годишниот план и извештајот на воспитно - образовните, високообразовните и научно - истражувачките јавни установи, јавните установи за згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст, националните театри, Министерството за одбрана, Министерството за внатрешни работи и органите во негов состав, како и Агенцијата за разузнавање содржат податоци само за административните службеници и помошно - техничкиот персонал.

Член 15

(1) Институциите на јавниот сектор годишните планови за вработување во 2016 година ќе ги изготвуваат преку пристап на веб локацијата http://balancER.mioa.gov.mk, преку внесување на следните податоци:

- Матичен број/назив на институција;
- Вкупен број на вработени во институцијата и број на вработени по припадност на заедници на денот на пополнување на податоците;
- Планирани пензионирања во 2016 година; и
- Број на планирани нови вработувања во 2016 година.

(2) Откако калкулаторот ќе ја направи пресметката, годишниот план се печати и се заверува со печат и потпис на раководното лице на институцијата.

(3) Доколку се работи за орган на државна управа, годишниот план се доставува на согласност до Секретаријатот за спроведување на Рамковниот договор, кој е должен да даде согласност, односно забелешки во рок од 5 дена од денот на приемот на барањето, во спротивно ќе се смета дека е дадена согласност.

(4) По истекот на рокот од ставот (3) на овој член доколку се работи за орган на државна управа, односно веднаш по изготвувањето за останатите институции на јавниот сектор, планот се доставува на согласност до Министерството за информатичко општество и администрација кое е должно да даде мислење, односно забелешки во рок од 15 дена од денот на приемот, во спротивно ќе се смета дека е дадено позитивно мислење.

(5) Јавните огласи за вработување во 2016 година се објавуваат врз основа на распределбата на бројот на нови вработувања по припадност на заедница на начин утврден во член 7 ставови (4) и (5) на оваа методологија.

Член 16

Распределбата на новите вработувања согласно член 8 од оваа методологија ќе биде предмет на ревизија на секои три години врз основа на податоците од извештаите од член 9 на оваа методологија.

Член 17

Оваа методологија влегува со сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Заменик на Претседателот на Владата на Република Македонија
задолжен за спроведување на Рамковниот договор,
**Муса Џафери**,с.р.

Бр. 0402-313/1
25 март 2016 година
Скопје

Министер за информатичко општество и администрација,
**Марта Арсовска-Томовска**,с.р.

Бр. 12/2-609/4
25 март 2016 година
Скопје

**Прилог 1 – Образец на годишен план за вработување**

# ГОДИШЕН ПЛАН ЗА ВРАБОТУВАЊЕ

| | |
|---|---|
| БР. И ДАТУМ НА ДОНЕСУВАЊЕ.: | |

| | |
|---|---|
| ИНСТИТУЦИЈА: | |
| ЗА ГОДИНА: | |
| ЕМБС НА ИНСТИТУЦИЈАТА: | |
| ЕДБ НА ИНСТИТУЦИЈАТА: | |
| ДАТУМ НА ПОДГОТОВКА: | |

| | Име и презиме | Потпис |
|---|---|---|
| Подготвил:<br>(го потпишува на датумот на подготовка) | | ____________________ |
| Одобрил:<br>(го потпишува на датумот на подготовка) | | ____________________ |
| **РАКОВОДНО ЛИЦЕ НА ИНСТИТУЦИЈАТА:**<br>(го потпишува на датумот на подготовка и на датумот на донесување) | | ____________________ ____________________ |

## ДЕЛ 1. СОСТОЈБА ВО ТЕКОВНАТА ГОДИНА

*Табела 1.* Планирана бројна состојба на крајот на тековната година

| | Опис | ВКУПНО | Македонци | Албанци | Турци | Срби | Власи | Роми | Бошњаци | Други |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| а | Моментално вработени во институцијата (на датумот на пополнување на годишниот план) | | | | | | | | | |
| б | Планирани пензионирања и најавени заминувања во тековната година (заклучно со 31 декември тековната година) | | | | | | | | | |
| в | Планирани нови вработувања во тековната година (заклучно со 31 декември тековната година) | | | | | | | | | |
| г | **Планирана бројна состојба на 31 декември тековната година** (г = а - б + в) | | | | | | | | | |

## ДЕЛ 2. ПЛАНИРАНИ ДВИЖЕЊА НА КАДАРОТ ВО СЛЕДНАТА ГОДИНА

***Табела 2.*** Планирано пополнување на работни места преку унапредување и/или распоредување во следната година

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Дали планирате пополнување на работни места преку унапредување и/или распоредување на вработените во рамките на институцијата, заклучно со 31 декември следната година? *(заокружете)* | | | | ДА | НЕ |
| Доколку одговоривте со ДА, наведете го ВКУПНИОТ број на работни места кои планирате да ги пополните преку унапредување и/или распоредување во рамките на институцијата: *(наведете број)* | | | | | |
| Наведете ги работните места кои планирате да ги пополните преку интерен оглас и/или решение за распоредување: *(внесете кратко образложение за причината и по потреба додадете нови редици...)* | | | | | |
| р. бр | на работно место (шифра и назив) | во орг. един. | во рамки на орг. един. | во рамки на орг. един. | кратко образложение |
| 1 | | | | | |
| 2 | | | | | |
| 3 | | | | | |
| 4 | | | | | |
| 5 | | | | | |
| 6 | | | | | |
| 7 | | | | | |
| 8 | | | | | |
| 9 | | | | | |
| 10 | | | | | |

***Табела 3.*** Планирано испразнување на работни места преку објавување на трансфер листа во следната година

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Дали планирате испразнување на работни места преку објавување на трансфер листа, заклучно со 31 декември следната година? *(заокружете)* | | | | | | | | ДА | НЕ |
| Доколку одговоривте со ДА, наведете го ВКУПНИОТ број на работни места кои планирате да ги испразните преку објавување на трансфер листа за преземање во други институции: *(наведете број)* | | | | | | | | | |
| Наведете ги работните места кои планирате да ги испразните преку објавување на трансфер листа и одберете една од наведените причини: *(внесете кратко образложение за причината и по потреба додадете нови редици...)* | | | | | | | | | |
| р. бр | работно место (шифра и назив) | од орг. един. | во рамки на орг. един. | во рамки на орг. един. | причина 1: намалување на надлежности на институцијата | причина 2: намалување на обемот на работа | причина 3: поедноставување на постапки | причина 4: работното место се укинува (наведете датум) | причина 5: друго (наведете ја причината) |
| 1 | | | | | | | | | |
| 2 | | | | | | | | | |
| 3 | | | | | | | | | |
| 4 | | | | | | | | | |
| 5 | | | | | | | | | |
| 6 | | | | | | | | | |
| 7 | | | | | | | | | |
| 8 | | | | | | | | | |
| 9 | | | | | | | | | |
| 10 | | | | | | | | | |

***Табела 4.*** Планирано испразнување на работни места преку пензионирања и најавени заминувања во следната година

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Дали се планирани пензионирања и/или најавени заминувања на вработени од вашата институција заклучно со 31 декември следната година? *(заокружете)* | | | | | | ДА | НЕ |
| Доколку одговоривте со ДА, наведете го ВКУПНИОТ број на вработени кои ќе се пензионираат или ќе заминат: *(наведете број)* | | | | | | | |
| Наведете ги работните места кои ќе се испразнат, одберете една од наведените причини: *(внесете кратко образложение за причината и по потреба додадете нови редици...)* | | | | | | | |
| р. бр | работно место (шифра и назив) | во орг. един. | во рамки на орг. един. | во рамки на орг. един. | причина 1: пензионирање (наведете датум на престанок на работниот однос) | причина 2: најавено заминување (наведете датум на престанок на работниот однос) | причина 3: друго (наведете ја причината и датум на престанок на работниот однос) |
| 1 | | | | | | | |
| 2 | | | | | | | |
| 3 | | | | | | | |
| 4 | | | | | | | |
| 5 | | | | | | | |
| 6 | | | | | | | |
| 7 | | | | | | | |
| 8 | | | | | | | |
| 9 | | | | | | | |
| 10 | | | | | | | |

***Табела 5.*** Планирани пензионирања по припадност на заедница

| | Опис | ВКУПНО | Македонци | Албанци | Турци | Срби | Власи | Роми | Бошњаци | Други |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| а | **Планирани пензионирања во следната година** (заклучно со 31 декември следната година) | | | | | | | | | |

## ДЕЛ 3. ПЛАНИРАНИ НОВИ ВРАБОТУВАЊА ВО СЛЕДНАТА ГОДИНА

***Табела 6.*** Планирано пополнување на работни места преку нови вработувања во следната година

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Дали имате потреба од нови вработувања во вашата институција заклучно со 31 декември следната година? *(заокружете)* | | | | | | | | ДА | НЕ |
| Доколку одговоривте со ДА, наведете го ВКУПНИОТ број на нови вработувања за кои имате потреба: *(наведете број)* | | | | | | | | | |
| Наведете ги работните места на кои планирате нови вработувања и одберете една од наведените причини *(внесете кратко образложение за причината и по потреба додадете нови редици. Потоа внесете колку месеци во следната година се планира да работи новиот вработен и колкав буџет е потребен за плата на новиот вработен во следната година)* | | | | | | | | | |
| р. бр | работно место (шифра и назив) | во орг. единиц а | во рамки на орг. единица | во рамки на орг. единиц а | причина 1: зголемување на надлежностите на институцијата или обемот на работа на орг. единица | причина 2: пензионира ње или најавено заминување | причина 3: друго (наведете ја причината) | Колку месеци во следната година се планира да му се исплаќа плата на новиот вработен? (наведете број) | Колкав буџет ќе биде потребен за плата на новиот вработен во следната година? (наведете во денари) |
| 1 | | | | | | | | | |
| 2 | | | | | | | | | |
| 3 | | | | | | | | | |
| 4 | | | | | | | | | |
| 5 | | | | | | | | | |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 6 | | | | | | | | | |
| 7 | | | | | | | | | |
| 8 | | | | | | | | | |
| 9 | | | | | | | | | |
| 10 | | | | | | | | | |

***Табела 7.*** Број на работни места кои се планира да се пополнат преку нови вработувања во следната година

| | Опис | ВКУПНО |
|---|---|---|
| а | **Планирани нови вработувања во следната година** (заклучно со 31 декември следната година) | |

***Табела 8.*** Податоци кои се внесуваат во онлајн калкулаторот "Балансер", поставен на веб локацијата http://balancer.mioa.gov.mk

| | Опис | ВКУПНО | Македонци | Албанци | Турци | Срби | Власи | Роми | Бошњаци | Други |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| а | **Стартна позиција за годината на која се однесува планот** (се внесуваат податоците од Табела 1, ред г, бројна состојба на 31 декември во тековната годината) | | | | | | | | | |
| б | **Пензионирања во годината на која се однесува планот** (се внесуваат податоците од Табела 5, ред а, пензионирања заклучно со 31 декември следната година) | | | | | | | | | |
| в | **Планирани нови вработувања во годината на која се однесува планот** (се внесува податокот од Табела 7, ред а) | | | | | | | | | |

**Пристапете на онлајн калкулаторот кој се наоѓа на веб локацијата http://balancer.mioa.gov.mk/, внесете ги податоците од оваа табела и тука приложете го испечатениот документ од калкулаторот**

**Прилог 2**

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ГОДИШНИОТ ПЛАН ЗА ВРАБОТУВАЊЕ

| | |
|---|---|
| ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ БР И ДАТУМ.: | |
| ЗА ГОДИШНИОТ ПЛАН ЗА ВРАБОТУВАЊЕ БР.: | |
| НА ИНСТИТУЦИЈАТА: | |
| ЗА ГОДИНА: | |
| ЕМБС НА ИНСТИТУЦИЈАТА: | |
| ЗА ПЕРИОД: | Заокружете: Прво полугодие (Јануари - Јуни) Второ полугодие (Јули – Декември) |
| ЕДБ НА ИНСТИТУЦИЈАТА: | |
| ДАТУМ НА ПОДГОТОВКА: | |

| | Име и презиме | Потпис |
|---|---|---|
| Подготвил: | | ______________________ |
| Одобрил: | | ______________________ |
| **РАКОВОДНО ЛИЦЕ НА ИНСТИТУЦИЈАТА:** | | ______________________ |

## ДЕЛ 1. РЕАЛИЗИРАНИ ДВИЖЕЊА НА КАДАРОТ ВО РАМКИТЕ НА ИНСТИТУЦИЈАТА ВО ПОЛУГОДИЕТО

***Табела 1.*** Реализирани распоредувања и/или унапредувања во полугодието во рамките на институцијата

| р. бр | од работно место (шифра или назив) | од орг. един. | во рамки на орг. един. | во рамки на орг. един. | на работно место (шифра или назив) | во орг. един. | во рамки на орг. един. | во рамки на орг. един. | Број на решение за распоредување / унапредување и датум |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | | | | | | | | | |
| 2 | | | | | | | | | |
| 3 | | | | | | | | | |
| 4 | | | | | | | | | |
| 5 | | | | | | | | | |
| 6 | | | | | | | | | |
| 7 | | | | | | | | | |
| 8 | | | | | | | | | |
| 9 | | | | | | | | | |
| 10 | | | | | | | | | |

***Табела 2.*** Реализирани распоредувања и/или унапредувања во полугодието по припадност на заедница

| | Опис | ВКУПНО | Македонци | Албанци | Турци | Срби | Власи | Роми | Бошњаци | Други |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| а | **Реализирани распоредувања и/или унапредувања во полугодието** (заклучно со 30 јуни, односно 31 декември тековната година) | | | | | | | | | |

## ДЕЛ 2. РЕАЛИЗИРАНИ НАМАЛУВАЊА НА КАДАРОТ ВО ПОЛУГОДИЕТО

***Табела 3.*** Престанок на работен однос во полугодието по работни места и причини

| р. бр | работно место (шифра иназив) | во орг. един. | во рамки на орг. един. | во рамки на орг. един. | причина 1: по сила на закон (наведете ја причината и датум) | причина 3: преземање во друга институција (наведете го бројот на согласноста за преземање и датум) |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | | | | | | |
| 2 | | | | | | |
| 3 | | | | | | |
| 4 | | | | | | |
| 5 | | | | | | |
| 6 | | | | | | |
| 7 | | | | | | |
| 8 | | | | | | |
| 9 | | | | | | |
| 10 | | | | | | |

***Табела 4.*** Престанок на работен однос во полугодието по припадност на заедница

| | **Опис** | **ВКУПНО** | **Македонци** | **Албанци** | **Турци** | **Срби** | **Власи** | **Роми** | **Бошњаци** | **Други** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| а | **Престанок на работен однос во полугодието** (заклучно со 30 јуни, односно 31 декември тековната година) | | | | | | | | | |

## ДЕЛ 3. РЕАЛИЗИРАНИ ЗГОЛЕМУВАЊА НА КАДАРОТ ВО ПОЛУГОДИЕТО

***Табела 5.*** Реализирани нови вработувања во институцијата во полугодието по работни места

| р. бр | работно место (шифра иназив) | во орг. един. | во рамки на орг. един. | во рамки на орг. един. | Број на јавен оглас/и и датум/и | Број на решение/договор за вработување и датум |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | | | | | | |
| 2 | | | | | | |
| 3 | | | | | | |
| 4 | | | | | | |
| 5 | | | | | | |
| 6 | | | | | | |
| 7 | | | | | | |
| 8 | | | | | | |
| 9 | | | | | | |
| 10 | | | | | | |

***Табела 6.*** Реализирани нови вработувања во полугодието по припадност на заедница

| | **Опис** | **ВКУПНО** | **Македонци** | **Албанци** | **Турци** | **Срби** | **Власи** | **Роми** | **Бошњаци** | **Други** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| а | **Реализирани нови вработувања во полугодието** (заклучно со 30 јуни, односно 31 декември тековната година) | | | | | | | | | |

***Табела 7.*** Реализирани преземања од други институции во полугодието по работни места

| р. бр | работно место (шифра иназив) | во орг. един. | во рамки на орг. един. | во рамки на орг. един. | Број на согласност за преземање и датум |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | | | | | |
| 2 | | | | | |
| 3 | | | | | |
| 4 | | | | | |
| 5 | | | | | |
| 6 | | | | | |
| 7 | | | | | |
| 8 | | | | | |
| 9 | | | | | |
| 10 | | | | | |

***Табела 8.*** Реализирани преземања во полугодието по припадност на заедница

| | **Опис** | **ВКУПНО** | **Македонци** | **Албанци** | **Турци** | **Срби** | **Власи** | **Роми** | **Бошњаци** | **Други** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| а | **Реализирани преземања во полугодието** **(заклучно со 30 јуни, односно 31 декември тековната година)** | | | | | | | | | |